Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 165/2023
06.12 2023 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

За избор на научен советник (еквивалент: редовен професор) во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

Со одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница одржана на 20.11.2023 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на научен советник (еквивалент: редовен професор).

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатката со објавени трудови и нивни примероци, кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката дејност на кандидатката.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на проф. д-р Викторија Боровска;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за избор во звањето научен советник (еквивалент: редовен професор).

Комисијата во состав: проф. д-р Дона Колар-Панова, проф. д-р Катерина Колозова и проф. д-р Калина Лечевска по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Доц. д-р Викторија Боровска е родена на 24.06.1977 година во Скопје. Во 1999 година, таа дипломирала на Филозофскиот факултет, на Катедрата по социологија при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" со просечен успех 8,3.

Во 2005 година ги завршува постдипломските студии на на Филозофскиот факултет, на Катедрата по социологија при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" со просечен успех 9,22. Темата на магистерскиот труд била „Сексуалното вознемирување на работното место како форма на насилство врз жената", а кандидатката се стекнала со звање - Магистер по социолошки науки.

Во 2013 година докторирала на на Филозофскиот факултет, на Катедрата по социологија при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј". Темата на докторскиот труд била „Општествениот контекст и промените на улогите на мајчинството ", а Боровска се стекнала со звање - Доктор на социолошки науки.

Во текот на постдипломските студии работи како демонстратор на Филозофскиот факултет, на Катедрата по социологија при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" по предметот Социологија на девијантните појави.

Во 2007 година е ангажирана како помлад истражувач – соработник во Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан" на предметот „Квалитативни и квантитативни истражувачки методи" во рамки на постдипломските студии на институтот.

Од 2012 година е вработена во Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, а во 2013 е избрана за научен соработник/доцент, а во 2018 е избрана за виш научен соработник/вонреден професор. Таа учествува во сите проекти на Институтот и е дел од авторскиот тим кој објавува студии на применети политики. Моментално е ангажирана како професор на задолжителниот методолошки модул, предметот Истражувачки методи и академско пишување, изборните предмети Родот и социоекономските права, и предметот Вовед во феминизам.

## 2. ПРЕГЛЕД И ОЦЕНКА НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА И УМЕТНИЧКАТА ДЕЈНОСТ

### 2.1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

#### 2.1.1. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Проф. д-р Викторија Боровска од 17.07.2013 година е избрана за научен соработник/доцент на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. На

истото место, во 02.11.2018 година е избрана во виш научен соработник/вонреден професор. Во изминатите години учествувала на сите домашни и меѓународни проекти спроведени од Институтот.

**Објавени трудови:**

**МЕЃУНАРОДНИ СПИСАНИЈА И ПУБЛИКАЦИИ:**

- (2019) Автор, „Улогата на религијата во општествата на Западен Балкан – Истражувачки извештај Северна Македонија", Повремени трудов и за религијата во Источна Европа: км. 39: Iss. 5 , член 2.
- (2019) Автор, „Улогата на религијата во општествата на Западен Балкан – споредба меѓу земјите и заклучни забелешки", Повремени трудови за религијата во Источна Европа: км. 39: Iss. 5 , член 2.
- (2018) Автор, „Влијанието на мајчинството врз идентитетот на жената",Годишник на ИСППИ, Скопје,

**ИЗГОТВЕНИ СТУДИИ НА ПРИМЕНЕТИ ПОЛИТИКИ СО ПРЕПОРАКИ:**

(2023) Ко-Автор/истражувач: Бејслајн студија, проект „Преку деполаризација до демократски, стабилни и вклучувачки институции: Придонес на граѓанското општество", Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје

(2023) Ко-Автор/истражувач: Истражување на перцепцијата на граѓаните и претставниците од јавните институции за прашања поврзани со загадувањето на воздухот, УНДП

(2023) Ко-Автор и уредник: Родот во медиумите: Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во забавните програми на радиодифузерите, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Скопје

(2022) Ко-автор, Проценка на потребите за градење родово сензитивни политики за социјална, пост-ковид отпорност и закрепнување, Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје

(2020) Ко-автор, Демографски ефекти врз граѓанскиот ангажман и образованието на гласачите во Северна Македонија, ИФЕС, Скопје

(2019) Ко-автор ,Поларизирачкиот дискурс и влијанието врз политичката и социјалната поларизација во Македонско општество, Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје

(2019) Ко-автор, Женско политичко учество во Северна Македонија: Студиски и научни истражувачки тимови Вестминстер Фондација за демократија, Северна Македонија,

## ПУБЛИКАЦИИ:

- (2022) Автор на книга, *Траектории на мајчинството: феминистичка перспектива и демистификација на идеологиите*, Министерство за култура на Република Северна Македонија, Скопје

## УЧЕСТВО НА ПРОЕКТИ:

(2023) Истражувач и асистент за администрација и финансии: Социјалната деполаризација како пат кон демократски, стабилни и инклузивни институции: придонес на граѓанското општество, поддржан од програмата Цивика мобилитас, SDC;

(2022-2023) Истражувач за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги за 2022 година, истражување за потребите за изготвување на Анализа на родовите прашања и на начинот на прикажување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите

(2022-2024) Истражувач и координатор: "Образование насочено кон иновација во ерата на „транзицијата близначка": Фокус на Југоисточна Европа, Еразмус + програма, во партнерство со универзитетите: Пантеион од Грција, Сингидунум Србија и Софиски Универзитет, Бугарија:

(2021-2022) Истражувач на квантитативно (анкетирање) и квалитативно истражување (интервјуа) на проектот „Димензија на родовата политика во фокусот-Зајакнување на престојот во пост-ковид период", поддржан од програмата Цивика Мобилитас, СДЦ;

(2020-2022) Финансиски и административен координатор на проектот: Поттикнување јавна дебата за отчетност; Проект основан од Националната фондација за демократија (НДИ);

(2020) Координатор и истражувач на проект за квантитативно истражување (анкети) и квалитативно истражување (фокус групи) за јавното мислење за приоритетите, ригидноста, мотивацијата во врска со изборите и образованието на гласачите, за потребите на проект на ИФЕС

(2019-2020)Финансиски и административен координатор на проектот „Кон деполаризација на јавниот дискурс во Северна Македонија: Дијалог меѓу спротивставените политички столбови како предуслов за надминување на популистичкиот модел на управување", Проект основан од Националната фондација за демократија (НДИ)

(2018-2021) Истражувач и координатор на проектот „Иновации во образованието: вкрстени науки и хуманистички науки" поддржан од Еразмус + КА 203 Стратешко партнерство за високо образование, во партнерство со универзитетите: Утрехт Универзите, Холандија и Софиски Универзитет, Бугарија:

(2018-2019) Финансиски и административен координатор на проектот „Соработка помеѓу политичките партии и граѓанските организации: Намалување на асиметричната моќ на извршната власт", Проект основан од Националната фондација за демократија (НДИ)

(2018-2019) Координатор и истражувач на македонскиот партнер од регионален проект: „Религијата во општеството", Институт за општествени и хуманистички науки Скопје

(2018) Истражувач на проктот: „Скопје 2014 – Инфо центар", ИОХН-Скопје, поддржано од Музеј на град Скопје

(2017-2019) Обучувач и истражувач, проект: „Иницијатива за уредничка слобода: Нови политики и застапување засновано на податоци ",Институт за општествени и хуманистички науки Скопје

**ЕКСПЕРТСКИ АКТИВНОСТИ: РЕВИЗИЈА, ЕВАЛУАЦИЈА, КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ И СЛ.**

- Консултант за родови прашања: Специјализирана национална компанија за спроведување на истражување за прашањата на загадувањето на воздухот во Кавадарци, Струмица, Гостивар, Куманово и Струга; УНДП, 2023

- Член на Комисија за само-евалуација на последипломските студии на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, 2023

- Консултантски услуги за потребите на ОБСЕ при имплементација на проектот „Истражување за перцепцијата, ставовите и односите кон меѓуетничката интеграција и кохезија во основното и средното образование во Северна Македонија", 2022/2023 година

- Консултантски услуги за потребите на Фридрих Науман Фондација при изработка на проекти поврзани со дигитализација и децентрализација на услуги, 2020-2023

- Консултант за самоевалуација на организацијата во однос на програмите за родова и родова еднаквост - ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување; 2021

- Консултантски услуги за потребите на Швајцарска агенција за развој и соработка во изработка на годишните извештаи за демократскиот,

општествениот и економскиот напредок на земјата наспроти процесот на интеграција на во ЕУ (2014-2020)

- Експертски ангажман - Унапредување на репродуктивните права на Ромите од Шуто Оризари - ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, 2019

- Консултантски услуги за потребите на UNDP за проектот „Мапирање на услугите за социјална грижа", 2017-2018 година

- Експертски ангажман за имплементација и развој на постоечката методологија на UN Women за Студиски проект за родово засновано насилство на јавни простори, Коалиција Маргини, проект на UN Women; 2018

## ПРЕДАВАЧ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

(2023) Предавач на проектот „Неформално образование од областите на феминизам и род" дизајнирање и имплементација на активности за поширок досег и мобилизација на млади жени, согласно истоимената компонента од билатералната програма на Шведската Фондација Жена за Жена

(2022) Предавач на проектот „Неформално образование од областите на феминизам и род" дизајнирање и имплементација на активности за поширок досег и мобилизација на млади жени, согласно истоимената компонента од билатералната програма на Шведската Фондација Жена за Жена

(2021) Предавач на проектот „Неформално образование од областите на феминизам и род" дизајнирање и имплементација на активности за поширок досег и мобилизација на млади жени, согласно истоимената компонента од билатералната програма на Шведската Фондација Жена за Жена

## ОБУКИ, РАБОТИЛНИЦИ И СЕМИНАРИ

Конференција „Авении на соработка: кон презамислена регионална припадност", 3 и 4 декември, 2021 во Скопје

Конференција: „Испорачување на дигитални услуги креирани за граѓаните, 2 септември, 2021 во Скопје

Изработка на наставни програми за проектот „Иновации во образованието: вкрстени науки и хуманистички науки" поддржан од Еразмус + КА 203 Стратешко партнерство за високо образование организирано од Универзитетот во Утрехт, Холандија 02-05 март 2020 година,

Конференција "Innovation in Education: Intersecting Sciences and Humanities", 2020, онлајн

Затворена работилница "On the path towards the EU: Effective and transparent administration in service for citizens", онлајн, 11 декември 2020

Школа за политика и критика 2022 „Авторитаризмот и левицата: иднината на демократијата во Југоисточна Европа" (Скопје, 10-12 септември 2022)

Школа за политика и критика 2021 "„Материјалистички и колективистички борби за климатска правда: еко-социјализам, марксистички феминизам и критика на авторитаризмот воспоставувајќи обединета платформа" (Скопје, 10-12 септември, 2021)

Школа за политика и критика 2020 „ Ксенофеминизам и други форми на феминизам и материјализам" (Скопје, 10-12 септември, 2020)

Школа за политика и критика 2019 „Муниципалистичко организирање и левичарски решенија на животна средина" (Скопје, 13-15 септември, 2019)

Улогата на религијата во општествата на Западен Балкан, Конференција во Тирана, организирана од ИДМ (11-13 јуни Тирана, 2019)

Веб кампања за подигнување на свеста „Деполаризирај се" (2019-2023)

Веб кампања за подигнување на свеста „Твојата приказна", (2020-2022)

## СТУДИСКИ ПРЕСТОЈ

Студиски престој во Белград во рамки на проектот поддржан од Еразмус програмата: : "Образование насочено кон иновација во ерата на „транзицијата близначка": Фокус на Југоисточна Европа (1-3 јуни 2023, Белград, Србија)

## 2.1.2. НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

## ОД 2018 ДО ДЕНЕС

Од 2018 е избрана во виш научен соработник (еквивалент: вонреден професор) на Институтот за општествени и хуманистички науки/

(2013 - ) Професор по предметот "Академско пишување и истражувачки методи", (делот за квантитативни методи) на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

(2014 - ) Професор по предметот "Родот и социоекономските права", на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

(2024) Професор по предметот „Вовед во феминизам" на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

Во изминатите 5 години била ментор на две магистерски тези, членувала во шест комисии за одбрана на магистерски трудови, пет комисии за избор во звање, како и надворешен рецензент на еден научен труд.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката, проф. д-р Викторија Боровска, во учебната 2022/2023 година доби највисока оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Институтот за општествени и хуманистички истражувања – Скопје.

Досегашното научно-истражувачко и работно искуство, објавените трудови, учеството на бројни истражувања и проекти, завршеното образование како и работата во наставно-научната дејност на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, се доказ на сериозниот пристап на вишиот научен советник (еквивалент: редовен професор) Викторија Боровска во научното истражување.

## 3. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОВЕТНИК/РЕДОВЕН ПРПФЕСОР

По разгледувањето на приложените трудови и по усогласувањето на поединечните мислења, констатиравме дека научните истражувања, како и посветеноста на научната работа на вонреден професор д-р Викторија Боровска постигнала одличен развој во изминатиот период и напредно се фокусираа во областите на општествените и хуманистичките науки.

**Заклучок:**

Од приложените трудови, може да се констатира дека вонреден професор д-р Викторија Боровска има значајно и богато искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти и наставно-научна дејност. Нејзината работа и трудови се базирани на самостојни работени истражувања и анализи, што покажува сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања.

Темите кои се опфатени во нејзината работа, како и темите од магистерскиот и докторскиот труд покажуваат дека кандидатката има пионерски зафати за анализа на проблеми кои биле занемарени. Со тоа покажала сериозна самостојност и посветеност да даде сопствен придонес во развој на соодветните области.
Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот. По внимателно разгледување на приложената документација, комисијата заклучи дека вонреден професор д-р Викторија Боровска ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на Република Македонија, за избор во научно звање – научен советник (еквивалент: редовен професор).

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

**Предлог:**

По запознавањето со научниот опус и наставните активности на вонреден професор д-р Викторија Боровска, донесовме заклучок дека покрај формалното исполнување на предвидените услови, таа е сериозно посветена кон научно-истражувачката работа и сопственото надградување. Имаме чест и задоволство да му предложиме на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, вонреден професор д-р Викторија Боровска да се избере во научен советник (еквивалент: редовен професор) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

**Рецензентска комисија:**

Д-р Дона Колар-Панов, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, претседателка

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, членка

Д-р Калина Лечевска, редовен професор,
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, членка

INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES AND HUMANITIES, SKOPJE
Address: Street "20 Oktomvri" nr.8, second floor
1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Phone/Fax: +389 2 3113 059 / Email: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk